**ЗАПИСНИК**
**од деветнаесеттата седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 14.11.2018 година**

На деветнаесеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, Катерина Карајанова Аризанова вработена во општината, Димитар Дојчинов вработен во општината, Весна Хаџикојчева вработена во општината, Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија ,Лазе Трајков директор на Центарот за социјална работа.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори деветнаесеттата седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од осумнаесеттата седница одржана на **29.10.2018.**

Претседателот го стави на гласање записникот од осумнаесеттата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на деветнаесеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Одлука за одобрување позајмица на средства за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр.CB006.1.21.183,
2.Предлог-Одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија во 2018 година,
3.Предлог-Одлука за одобрување на Планот за програми за развој на општина Гевгелија за 2019 година,
4.Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2018 година по ставки и потставки,
5.Предлог-Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година,

6.Предлог-Информација за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Одлука за одобрување позајмица на средства за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр.CB006.1.21.183.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за одобрување позајмица на средства за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр.CB006.1.21.183

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катерина Карајанова Аризанова вработена во општината, Ристо Камов член на Совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за одобрување позајмица на средства за реализација на Проектот "Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап", реф. бр.CB006.1.21.183 и **Советот со 18 гласа "за " ја усвои.**

**Точка 2. Предлог-Одлука за усвојување на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија во 2018 година.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет-**По оваа Предлог-Одлука имаше поднесено амандман од страна на советникот Виктор Кралев но беше повлечен пред почетокот на седницата.

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија во 2018 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Весна Хаџикојчева вработена во општината , Ристо Камов , Андон Сарамандов членови на Совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија во 2018 година и **Советот со 17 гласа "за " и 2 не гласале ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за одобрување на Планот за програми за развој на општина Гевгелија за 2019 година.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет-**По оваа Предлог-Одлука има поднесено два амандмани од страна на советникот Тихомир Ручкоманов и го повика да ги образложи.

**Тихомир Ручкоманов член на Совет:**

-Првиот амандман се однесува за програмата ФА - Уредување на градежно земјиште и капитални трошоци каде што предлагам да се дополни со Изградба на индустриска зона со контејнерски терминал –Друмот Гевгелија.

-Вториот амандман се однесува за програмата ЈД - Изградба и реконструкција на општински патишта и улици каде што предлагам да се дополни со Изработка на проектна документација и изградба на општински пат Коњско-Серменин-Миравци.

Претседателот го повика предлагачот на овие програми да се изјасни дали се прифаќаат амандманите и градоначалникот како предлагач се изјасни дека се прифаќаат овие два амандмана .

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на општина Гевгелија за 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Димитар Дојчинов вработен во општината , Ристо Камов,Тихомир Ручкоманов,Томе Кичуков,Андон Сарамандов, Ангелинка Петкова,Марија Магдинчева Шопова,Зоран Лазаровски,Игор Илков,Магдалена Делковска,Трајче Арџанлиев членови на Совет ,Сашо Поцков градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за одобрување на Планот за програми за развој на општина Гевгелија за 2019 година и **Советот со 11 гласа "за " и 6 против ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Решение за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2018 година по ставки и потставки.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2018 година по ставки и потставки,

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Измените и дополнувањата на финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2018 година по ставки и потставки и **Советот со 17 гласа "за " го усвои.**

**Точка 5. Предлог-Решение за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Цветко Нелоски директор на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година и **Советот со 17 гласа "за " го усвои.**

**Точка 6. Предлог-Информација за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Информацијата за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лазе Трајков директор на Центарот за социјална работа, Ристо Камов член на Совет .**

**Ристо Камов член на Совет** како претседател на комисијата за Статут и прописи образложи дека на Комисијата е донесен заклучок по кој комисијата предлага градоначалникот преку службите да испрати допис до сите општински институции да назначат службеник односно одговорно лице кој ќе биде на служба на овие лица со посебни потреби . Во сите институции а пред се во оние институции каде што нема пристапност местата каде што можат да се приближат тие лица да бидат означени со знак ,да биде поставен електричен уред односно звонче и тоа овластено лице постојано да контактира со организациите и со општината се со цел овие архитектонски бариери да бидат помали и посовладливи за оваа група на граѓани.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање заклучокот и **Советот едногласно го усвои.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори деветнаесеттата седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**